Барање:

Дали цивилното лице Зоран Павлоски од ВП 2990/33 Илинден, како синдикален претставник – професионално ја извршува синдикалната функција за која е назначен?

1. Дали цивилното лице Зоран Павлоски  е ослободен од работните обврски од работното место на кое работел? И со каков документ?
2. Дали е известен писмено министерот за одбрана? Доставете ни доказ ако има!
3. Дали е изготвено Решение за ослободување од работните обврски за Зоран Павлоски од страна на министерот? Доставете ни го решението ако го има!
4. Дали цивилното лице Зоран Павлоски ја зема платата преку Министерството за одбрана или преку синдикатот? Ако ја зема преку синдикат- кој е тој синдикат?

Одговор:

1. Лицето Зоран Павлоски согласно член 119 од Колективниот договор на Министерството за одбрана својата функција ја врши волонтерски.
2. Лицето Зоран Павлоски е ослободен согласно член 119 од Колективниот договор на Министерството за одбрана за што е известен Секторот за човечки ресурси преку допис од страна на синдикатот.
3. Согласно член 113 од Колективниот договор на Министерството за одбрана синдикатот доставува список или листа до организациската единица во Министерството надлежни за управување со човечки ресурси и како такво не постои известување до работодавецот односно министерот за одбрана.
4. Согласно 119 од Колективниот договор на Министерството за одбрана доколку претставникот на синдикатот ја извршува волонтерски функцијата, само се известува со листа на претставници на синдикатот до организациската единица во Министерството надлежни за управување со човечки ресурси и за тоа не се дава решение.
5. Лицето Зоран Павлоски согласно член 119 од Колективниот договор на Министерството за одбрана својата функција ја врши волонтерски и добива полн надомест на плата за работно место на кое е распореден односно платата ја зема преку Министерството за одбрана како и сите други вработени во Министерството.